## 1. Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7

АФПЗРР го објави првиот јавен повик од ИПАРД Програмата за мерките 1 и 7 на 01.09.2023 и беше отворен до 30.10.2023. Вкупно беа поднесени 1.159 барања за двете мерки, при што побараното кофинансирање го надминуваше расположливиот буџет. Просечните денови потребни за склучување на договор беа 342 за Мерка 1 и 287 дена за Мерка 7. 237 одбиени барања за Мерка 1 и 57 за Мерка 7. **Главните причини за одбивање беа нецелосната документација. При проверка на комплетноста на самите барања беше забележано дека голем број на барања беа одбиени бидејќи не беше доставен „Доказ дека против корисникот не е покрената кривична постапка (Регистар за кривична евиденција Основен кривичен суд)". Во однос на соодветноста голем број од барањата беа одбиени поради немање на доволно средства.**

Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата. Во однос на мерка 1 за јавниот повик 01/2023, одбиени беа 126 барања кои не беа во рангот на расположливиот буџет, со вкупен износ од 11.262.459,99 евра, односно 7.027.534,26 евра финансиска поддршка. За мерка 7 оглас 01/2023, одбиени беа 75 барања кои не беа во рангот на расположливиот буџет, со вкупен износ од 23.272.688,55 евра, односно 13.981.714,24 евра финансиска поддршка.

Исто така, еден договор е раскинат поради истекување на важноста на градежната дозвола. Ова, исто така, донесе измени во ИПАРД програмата 2021-2027 во однос на минималниот период на важност (правосилност) на градежната дозвола, потребен за аплицирање со инвестиции кои вклучуваат градежни работи.

**АФПЗРР објави втор јавен повик од ИПАРД Програмата** за мерка 3 на 13.04.2024 и беше отворен до 12.06.2024.

Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 Програмата.

Бројот на доставени барања кои се под расположливиот биџет на повикот изнесува 22 барања со вкупна финансиска поддршка од 8.466.335,74 Евра.

Досега се склучени 35 договори, а сè уште се обработуваат 47 апликации со вкупен износ на финансиска поддршка од 6.626.452,23 евра. Најкомплициран критериум при рангирање се покажа обезбедувањето постоечки договорни односи со примарни земјоделски производители регистрирани во ЕРЗС, кои покриваат најмалку 30% од набавките на суровини за преработка во рамките на инвестицискиот проект. Од корисниците беше побарано да достават дополнителна документација за да се потврди дека имаат такви договори.

Повеќето од нив ги доставија, но поради непостоењето на стандардизиран образец на договори, беше многу тешко да се идентификува, потврди и пресмета точниот процент на земјоделски производи. Дополнителни упатства за тоа како да се пресмета точниот процент беа дадени од НАО како препорака од нивната ревизија за спроведување на критериумите за рангирање. Примената на критериумите за рангирање дополнително го пролонгира периодот на склучување договори и дополнително ги оптовари вработените во СОП.

Како резултат од примената на критериумите за рангирање, беше потребно да се направат одредени измени на тековните процедури за работа во СОП, како и одредени измени на ИПАРД Програмата 2021-2027. Измените на Програмата се договорени со ТУ со ИПАРД, а измените на процедурите за работа на СОП се во тек.

Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата. 16 барања се одбиени како некомплетни. Како најчеста причина за одбивање на некомплетните барања е недоставување на соодветен документ за исполнување на стандардите за животна средина. Овој недостаток (проблем) не може да се лоцира кај одредена општина. Во однос на несоодветноста на корисниците не може да се дефинира најчест критериум за одбивање.

Административната обработка на сите апликации е завршена, проверка на комплетност и на соодветност е завршена, како и проверка на контрола на терен пред одобрување на проектите. За сите комплетни и соодветни апликации завршена е и проверката на референти цени од страна на одделението за водење на база референтни цени и истите се доставени до СОП преку интерниот електронски систем. Обработката на апликациите продолжува и во 2026 година.

На 05.11.2024, **АФПЗРР објави трет јавен повик од ИПАРД Програмата** за мерка 7 и беше отворен до 20.12.2024.

Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неоодветност на барањата. Во овој јавен повик не беше спроведена постапка за рангирање. Административната обработка и проверката на комплетноста на сите апликации се завршени. Главната причина за одбивање на апликациите е нивната некомплетност и/или несоодветност. 47 апликации се одбиени поради некомплетност.

Административната обработка на сите апликации е завршена, проверка на комплетност и на соодветност е завршена, како и проверка на контрола на терен пред одобрување на проектите. За сите комплетни и соодветни апликации завршена е и проверката на референти цени од страна на одделението за водење на база референтни цени и истите се доставени до СОП преку интерниот електронски систем. Обработката на апликациите продолжува и во 2026 година. Досега се склучени 11 договори, додека во обработка се 23 апликации со вкупен износ на финансиска поддршка од 7.271.432 евра.

Во овој јавен повик беа идентификувани апликации со вештачки креирани услови (правни лица регистрирани како занаетчии во Комора на занаетчии непосредно пред повикот за аплицирање), не-исполнувајќи ги критериумите за занаетчии (одредени корисници аплицирале на претходни јавни повици и им била одобрена финансиска поддршка во други сектори). Вкупно 11 апликации беа одбиени поради овие причини. Сето ова предизвика да се направат одредени измени на ИПАРД програмата, во однос на дефиницијата за занаетчии и занаетчиски активности. Во моментов се вршат измени и на процедурите за работа на СОП.

Исто така, има и еден раскинат договор поради истекување на важноста на градежната дозвола.

**Четвртиот јавен повик, 01/2025, за Мерка 1,** беше објавен на 12 февруари 2025 година, со буџет од 7.415.335 евра и беше затворен на 29 март 2025 година. Главната причина за одбивање на апликациите беше нивната некомплетност и/или неусогласеност. 99 апликации се одбиени поради некомплетност. Сè уште не се склучени договори за финансиска поддршка во рамките на овој јавен повик. Административната обработка и проверката на комплетноста на сите апликации се завршени. За сите комплетни исоодветни апликации, доставени се барања за проверка на референтните цени преку внатрешниот електронски систем до одделението одговорно за одржување на базата на податоци за референтните цени. За овие апликации извршени се и контроли на лице место. Целокупната обработка продолжува во 2026 година.

Имајќи ја во предвид актуелната ситуација со ИПАРД Програмата 2021-2027 која е суспендирана и неможноста за склучување на било какви договори и извршување на плаќања, постои голем ризик корисниците да ги откажат своите инвестиции и да ги повлечат своите апликации односно барања за исплата.

## 2. РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ

Со цел да се одговори на потребата од зголемена ефикасност и ефективност во утврдувањето на референтните цени, дизајниран е сет на насочени мерки кои се спроведуваат. Овие мерки се насочени кон обезбедување навремено, сигурно и сеопфатно прибирање на ценовни информации од добавувачите, со што се зајакнува севкупниот квалитет, транспарентност и кредибилитет на системот за референтни цени.

### Активност 1: набавка и имплементација на ново софтверско решение

Изработена е детална техничка спецификација и иницирана е постапка за набавка на ново софтверско решение – База на референтни цени – како дел од поширокиот процес на дигитализација на спроведувањето на ИПАРД процесите во рамките на Агенцијата.

Предвиденото систем ќе обезбеди целосна интероперабилност со со тековите за поднесување и обработка на барањата за финансиска поддршка, вклучително

и интегрирани механизми за валидација и контрола на сите релевантни деловни процеси.

Имплементацијата на Базата на референтни цени се очекува да го поедностави процесот на доставување и верификација на понудите и да овозможи автоматизирана пресметка на референтните цени, со што ќе се намали потребата од рачна интервенција и можноста за грешки. Техничката спецификација експлицитно вклучува корективни мерки насочени кон затворање на сите отворени ревизорски наоди и обезбедување целосна имплементација на соодветните препораки.

**Активност 2: задолжителна регистрација на добавувачите**

Постапка за воведување задолжителна регистрација на добавувачи за секој јавен повик е во финална фаза на изработка.

Согласно оваа постапка:

- Сите добавувачи кои имаат намера да учествуваат во одреден јавен повик ќе бидат обврзани, во текот на траењето на повикот, да извршат регистрација преку доставување пријава и каталог со малопродажни цени за целиот асортиман на производи што можат да го понудат. Како дел од процесот на регистрација, добавувачите ќе потпишуваат Договор за соработка.
- Во случаи кога добавувач одбива да соработува, а АФПЗРР има соодветно образложени основи да смета дека истиот располага или може да располага со релевантни ценовни информации, ќе се применат соодветни корективни мерки. Ова ќе вклучува одбивање на сите понуди доставени од конкретниот добавувач во рамките на тековниот јавен повик. Во такви случаи, на апликантите ќе им биде овозможено да ја заменат неусогласената понуда со валидна понуда од друг регистриран добавувач.
- Листа на регистрирани добавувачи, категоризирана по сектори, ќе биде објавувана на официјалната веб-страница на АФПЗРР, врз основа на доставените податоци за регистрација.
- Ценовните информации содржани во доставените каталози ќе се третираат како доверливи и нема да бидат јавно објавувани. Овие податоци ќе се користат исклучиво за потребите на утврдување и пресметка на референтните цени во рамките на Базата на референтни цени.

Имплементацијата на оваа мерка се очекува да резултира со:

- значително намалување на времето потребно за утврдување на референтните цени,
- воспоставување структурирана и доверлива база на проверени добавувачи,

- значително намалување на ризиците поврзани со фиктивни понуди и манипулации со цени,
- зголемена транспарентност, отчетност и доверба во системот.

**Активност 3: Зајакнување на структурираната соработка со бизнис секторот**

Паралелно, развиен е структуриран пристап за унапредување на соработката со бизнис секторот и зајакнување на институционалниот кредибилитет на АФПЗРР. Ова опфаќа:

- систематско потенцирање на важноста на соработката со бизнис секторот за време на инфо-деновите организирани во контекст на јавните повици,
- организирање на посебни консултативни средби со претставници на бизнис секторот пред објавување на секој јавен повик,
- обезбедување активно и задолжително учество на претставници од ОБРЦ на релевантни саеми и секторски настани поврзани со опрема финансирана преку ИПАРД.

Овие активности се очекува да придонесат кон воспоставување директни и одржливи комуникациски канали, подобрување на достапноста и квалитетот на податоците за добавувачите, како и зголемување на свеста кај добавувачите за нивната улога и одговорност во заштитата на националните и ЕУ финансиските интереси.

**Активност 4: унапредување на соработката со релевантни институции**

Постапка за обезбедување референтни цени од релевантни институции е во завршна фаза на подготовка.

Во таа насока, воспоставен е контакт и иницирен е процес за склучување Договор за соработка со Земјоделскиот институт, како призната научно-образовна институција во областа на земјоделството. Институтот располага со капацитет за изработка на веродостојни референтни цени за низа земјоделски операции, вклучително обработка на почва, системи за градобијна заштита, конструкции на лозови насади и системи за наводнување.

Дополнително, Агенцијата ќе ја разгледа можноста за ангажирање и на други релевантни институции, особено во областа на градежништвото и машинството, со цел обезбедување точни, објективни и проверливи ценовни податоци.

## 3. Авторизација на исплати

Во периодот Декември 2025 – Април 2026 од ИПАРД III програмата од оглас 01/23 за мерка 1 пристигнати беа 10 барања за исплата со вкупно барана сума од 1.645.858,00 €, а за мерка 7 пристигнати беа 9 барања за исплата со вкупно барана сума од 1.809.459,00 €.

**Република Северна Македонија**
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Од оглас 01/24 за мерка 3 пристигнати беа 12 барања за исплата со вкупно барана сума 1.857.564,00 €.

Од оглас 02/24 за мерка 7 пристигнати беа 2 барања за исплата со вкупно барана сума од 36.729,00 €.

За мерка 9 пристигнато беше 1 барање за исплата со вкупна барана сума од 88.350,00 €.

Сите пристигнати барања за исплата се обработуваат и се во фаза на административна контрола (контрола на терен) се до издавање на Решение за исплата.

Одбиено беше 1 барање за исплата бидејќи корисникот не ги исполнил стандардите за благостојба на животните.

Издадени беа 8 Решенија за поврат на средства по Ревизорски наод од Равизорско тело и НАО- Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош – ИПА.

Издадено беше 1 Решение за поврат на авансна исплата, бидејќи Договорот за финасиска поддршка се раскина.

Поради состојбата во која се наоѓа Агенцијата и воведената суспензијата од страна на Министерство за финансии -НАО за стопирање на времена исплата од секаков вид, имаме задоцнување на исплата на корисниците од I квартал 2026 година, како и на корисниците за кои беа издадени 15 Решенија за исплата и истите не се исплатени.

Поради горенаведеното постои голем ризик од задоцнувања на исплатите на корисниците од II квартал 2026 година.